РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител – физичко лице, на 41-та седница одржана на ден 11 Ноември 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12- 3197/1 од 24.06.2019 година на подносителот --------------------- од ------------------ СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност – нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-3197 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 3197/1 од 24.06.2019 година.

Предметот со број 12-3197 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

**Образложение**

Предметот со број 12-3197 од 2019 година е оформен врз основа на добиена пријава 12- 3197/1 од 24.06.2019 година, од познат подносител - физичко лице, ----------------------- од --------------------- со познати адресни податоци.

Со предметната пријава нејзиниот подносител изразува незадоволство од постапувањето на судија на -------------- во ------------ во постапка ------------------------------------------ во која подносителот на пријавата е тужител. Во оваа правна работа тужена страна е --------------------------------------, а спорот помеѓу странките се темели на барање за надомест на штета поврзано со ------------------------------------------------------ тужителот/подносителот на пријавата.

Во прилог на својата пријава за овој случај подносителот доставува/ил само една (прва) страница од пресудата на ----------------- – Предмет ----------------- од ----------------2019 година.

Инаку, незадоволството на подносителот на пријавата произлегува од тоа што ------------------- , по ------------------ поднесена од тужениот, -------------------------- пресудата на ---------------------------- меѓутоа тужбеното барање на тужителот/подносителот на пријавата, за надомест на штета во износ од -------------- со законска казнена камата – го одбил како неосновано.

Сомневањата за коруптивно дејствување на подносителот се насочени кон еден од трите судии кои постапувале - во совет од тројца судии, судијата ------------------------- – претседател на советот.

Поврзано со посочениот судија се наведува и друг судски случај/предмет во кој пред ------------- години постапувал истиот судија - -------------------, во кој тужител била сопругата на подносителот на пријавата, за кој случај подносителот го доставува/ил во прилог тогаш поднесеното, од тужителката, барање

за изземање на судијата ---------------------------- и по него донесеното Решение на Претседателот на Основниот суд ---------------------------------- со кое барањето за изземање се одбива .

Од текстот на предметната пријава произлегува дека пријавата доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата е копија од пријава која подносителот ја доставил до Судскиот Совет на РСМ.

Врз основа на сите околности и на податоците кои се содржани во предметната пријава и приложената документација Државната комисија за спречување на корупцијата, утврди дека истата не упатува на коруптивни дејствија - конкретни злоупотреби на службената положба и овластувањата од страна на службени лица/ избрани и именувани, за остварување на корист, директно или преку посредник за себе или за друг од аспект на надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата, како и дека пријавениот случај спаѓа во надлежност на друг орган - Судскиот совет на РСМ посочен како еден од примателите на пријавата.

Од причини, како е погоре наведено, Државната комисија оцени дека пријавата не содржи елементи за надлежно постапување на Државната комисија согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 11 Ноември 2020 година по број 12-3197/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Х.М., Советник
Одобрил: К.Н.., Член на ДКСК

Доставено до
-Архива
-Подносителот